Врз основа на член 172 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово, се објавува

# К О Н К У Р С

за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научни звања на Универзитетот во Тетово

Се објавува Конкурс за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научни звања на Универзитет во Тетово:

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник за предметите:
    - Надворешна политика
    - Етика и политичка деонтологија
    - Дипломатска и конзуларна дејност.

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник за предметите:
    - Политички системи
    - Социологија на изборите
    - Теории и модели на демократијата
    - Социологија на родова еднаквост.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Еден наставник за предметите:
    - Основни игри
    - Специјално физичко образование I.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИМЕНЕТИ НАУКИ**

1. Еден наставник за предметите:
    - Историја на архитектурата I
    - Историја на архитектурата II
    - Историја на архитектурата III.

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**
**Студиска програма Албански јазик и книжевност**

1. Еден наставник за предметите:
    - Методологија на научната работа I
    - Методологија на научната работа II
    - Еден автор – Фаик Коница.

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Еден наставник за предметите:
    - Општа физика
    - Медицинска физика (на студиската програма Општа медицина)
    - Физика на цврсто тело.

2. Еден наставник за предметите:
   - Интеракција човек – компјутер
   - Деловна интелигенција
   - Современи компјутерски системи.
3. Еден наставник за предметите:
   - Софтверски компоненти
   - Е-учење
   - Управување со софтверски проекти.
4. Еден наставник за предметите:
   - Микропроцесори и микроконтролери
   - Електроника
   - Информатичка технологија (на Факултетот за бизнис администрација).
5. Еден наставник за предметите:
   - Анализа на фармацевтски инструменти (на студиската програма Фармација)
   - Инструментална анализа II (на студиската програма Хемија)
   - Хемија на животната средина (на студиската програма Хемија).
6. Еден наставник за предметите:
   - Нумеричка математика (на студиската програма Математика)
   - Линеарно програмирање (на студиската програма Математика)
   - Нумеричка анализа (на студиската програма Математика).

**Услови за наставно-научно звање доцент, вонреден и редовен професор:**
• одлука за избор во наставно-научно звање од компетентен орган, доколку има;
• диплома за научното звање доктор по науки од научната област во која се избира;
• кандидатите кои конкурираат треба да имаат континуитет во студиите од соодветната област;
• список за објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите);
• кратка биографија (CV);
• да го приложи трудот од докторската дисертација;
• потврда за познавање странски јазик;
• познавање на албанскиот јазик – пишување и читање;
• извод од матичната книга на родените;
• уверение за државјанство.

*****Кандидатите треба да ги исполнуваат условите за избор во наставно-научни звања, предвидени со член 166 од Законот за високото образование.

*Пријавата со потребните документи кандидатите треба да ја достават во рок од 5 работни дена, од денот на објавувањето на Конкурсот, во Архивата при Ректоратот на Универзитетот во Тетово, на адреса: Ректорат на Универзитет во Тетово, ул. Илинденска, б.б. Тетово.

**Универзитет во Тетово**